ШАНСА ЗА СИТЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија за мерката **3.4 Обуки за возачи за "Ц" "ЦЕ" и "Д" - категорија**, финансирана од Буџетот на Агенција за вработување на Република Северна Македонија, на ден 08.12.**2023** година, се објавува

ЈАВЕН ОГЛАС
до евидентирани невработени лица

Се повикуваат евидениранитe невработени лица кои се заинтересирани за учество во обуки за возачи за "Ц" **"ЦЕ" и** "Д" категорија, да се пријават во работните клубови на центрите за вработување каде се евидентирани како невработени лица. За учество во обуките невработените лица треба да ги исполнуваат следните критериуми:

За "Ц" категорија:
-Да има минимум 21 година возраст
-Да е здравствено и психофизички способно да управува со моторно возило*
-Да има завршено најмалку основно образование
-Да положило возачки испит за управување со моторно возило од категорија "Б"
-Да поседува важечка возачка дозвола од категоријата "Б" најмалку една година
-Со одлука на надлежен државен орган да не му е забрането управување со моторно возило*

За "ЦЕ" категорија:
-Да има минимум 21 година возраст
-Да е здравствено и психофизички способно да управува со моторно возило*
-Да има завршено најмалку основно образование
-Да поседува важечка возачка дозвола од категоријата "Ц" најмалку една година
-Со одлука на надлежен државен орган да не му е забрането управување со моторно возило*

За "Д" категорија:
-Да има минимум 24 година возраст
-Да е здравствено и психофизички способно да управува со моторно возило*
-Да има завршено најмалку основно образование
-Да положило возачки испит за управување со моторно возило од категорија "Ц"
-Да поседува важечка возачка дозвола од категоријата "Ц" најмалку две години
-Со одлука на надлежен државен орган да не му е забрането управување со моторно возило*

Доказите за Здравствена и психофизичка способност за управување со моторно возило и Одлуката на надлежен државен орган за немање на забрана со управување со моторно возило, заинтересираните лица ќе треба да ги достават до надлежниот центар за вработување, доколку бидат селектирани за учество во обуката, односно пред потпишување на договорот.
Предвидено е обуките да се реализираат во Скопскиот и во другите плански региони на Република Северна Македонија во зависност од пројавениот интерес на евидентирани невработени лица. Обуките ќе се спроведуваат од страна на лиценцирани автошколи кои реализираат обука за категорија "Ц" или "Д". По завршување на обуките успешните кандидати ќе полагаат возачки испит за категорија "Ц" **"ЦЕ" и** „Д". Во случај да не ги положат испитите во редовниот термин, кандидатите имаат право да полагаат повторно, но на сопствен трошок.

Обуките ќе се реализираат во период од најмногу 1 месец од денот на потпишување на договорите, врз основа на предвидениот план за реализација на истите. Полагањето на возачкиот испит треба да се реализира во рок од најмногу 4 месеци од денот на стекнување на право на полагање, односно успешно завршување на обуките во селектираниот лиценциран испитен центар.
Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката, ќе им биде издадена потврда за оспособеност на кандидат за возач на моторно возило од "Ц" ❞ ЦЕ❞ и "Д" категорија од страна на избраниот спорведувач на обука и ќе имаат обврска да полагаат возачки испит во избраниот лиценциран испитен центар, најмногу 4 месеци од завршување на обуката. Во случај да не го положиат испитот во редовниот термин, кандидатите имаат право на повторен испит, но на сопствен трошок.

Условите, правата и обврските ќе бидат уредени со склучување на договор помеѓу Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија –Центри за вработување и кандидатите.

Во зависност од бројот на пријавени лица кои ги исполнуваат условите наведени во ЈО, при изготвување на критериумите за селекција, покрај законските ќе се применат и основните критериуми за селекција:
-Справување со негативните ефекти и последици врз пазарот на труд и вработеноста, предизвикани од пандемијата на COVID-19;
-Принципот на диверзитет и инклузивност за сите општествени категории во приватниот сектор согласно принципите на правична и адекватна застапеност на етничка, полова, религиозна, расна или било која друга ранлива категорија на граѓани во согласност со стандардите и практиките на Обединетите нации и Меѓународната организација на трудот;
-Поттикнување на рамномерен регионален развој, во согласност со податоците од Бирото за регионален развој и степенот на развиеноста на планските региони во Република Северна Македонија.
Доколку бројот на лица кои се селектирани по предходните критериуми го надминува предвидениот опфат, во тој случај предност ќе имаат лицата кои први поднеле пријава за учество.

Предност ќе имаат невработени лица кои претходно не биле вклучени во оваа обука.

Заинтересираните невработени лица за учество во мерката можат да аплицираат се до исполнување на предвидениот опфат на корисници.

Заинтересираните невработени лица можат да поднесат Пријава во Центарите за вработување, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.
Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување, на веб страната на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија www.av.gov.mk како и на FB страната на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.
За сите дополнителни прашања може да се обратите на контакт телефоните 02/3111-850 и 02/3122-397 како и на e-mail: info@av.gov.mk и kabinet@av.gov.mk

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА